ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 7 став (5) од Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 февруари 2021 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОВСТВОТО И ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДИВЕЧОТ ПОД ЗАШТИТА ВО РЕПРОЦЕНТРИТЕ ЗА 2021 ГОДИНА

I

Во Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/21) делот II се менува и гласи:

„За извршување на активностите од дел I на оваа програма, предвидени се средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20Шумарство, Ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства, во износ од 4.400.000,00 денари.

Дел од средствата од ставот 1 од овој дел во износ од 1.000.000,00 денари ќе се користат за следните мерки:

| Вид на мерка | Критериум и висина на поддршка | Вкупно издвоени средства |
|---|---|---|
| Финансиска поддршка за развој и унапредување на ловството | | |
| Исполнување на обврските на Владата на Република Северна Македонија за управување на државните ловишта Лешница, Полаки, Јасен и Јасен I | | |
| А. Финансирање на трошоци за храна на дивечот | Критериум:<br>- *потпишан договор за управување со дивечот во ловиште*<br><br>Висина на поддршка:<br>*50% од трошоците* | 1.000.000,00 |
| Б. Финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти (хранилишта, солишта, поилишта и др.). | Критериум:<br>- *потпишан договор за управување со дивечот во ловиште*<br><br>Висина на поддршка:<br>*50% од трошоците* | |
| ВКУПНО: | | 1.000.000,00 |

Дел од средствата од ставот 1 од овој дел во износ од 3.400.000,00 денари ќе се искористат за исплата на дел од заостанати обврски кон Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“ – Скопје за 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година.“

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-1804/1
2 февруари 2021 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.